**МЕМОРАНДУМ ЗА СОРАБОТКА**
**склучен на ден 26. септември 2017**
**помеѓу**

| | |
|---|---|
| **АСОЦИЈАЦИЈА ЗА КОРПОРАТИВНА БЕЗБЕДНОСТ - АКБ** | **ЦЕНТАР ЗА СТРАТЕШКИ ИСТРАЖУВАЊА НА НАЦИОНАЛНАТА БЕЗБЕДНОСТ - ЦЕСНА Б** |
| **Бул. Борис Трајковски 62**<br>**Скопје, Македонија** | **Ул. Војводе Влаховића 35 ѓ/1.2.**<br>**Белград, Србија** |

Врз основа на заеднички интерес, со цел да се развие академска, научна и културна поврзаност и да се воспостави меѓусебна соработка, договорните страни Центарот за стратешки истражувања на националната безбедност ЦЕСНА Б и Асоцијацијата за корпоративна безбедност - АКБ, ја изразуваат својата согласност да го потпишат овој Меморандум за соработка.

**Член 1**

Договорните страни ја изразуваат својата согласност за организирање и развивање форми на меѓусебна соработка, во соодветната правна рамка во следниве области:

- Заедничка работа во стручни и научни проекти, заемно учество во советување, работилници и други професионални состаноци;
- Организирање и учество во истражувачки конференции, симпозиуми и семинари, на покана на договорната страна;
- Истражување и професионална работа во рамките на постоечките институции;
- Размена на искуства во организациите;
- Размена на техничка и научна литература, првенствено книги;
- Соработка со стручните служби на двете институции;
- Постигнувањето на други цели и задачи кои произлегуваат од природата на институциите.